Врз основа на член 37 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 106 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 октомври 2020 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за запирање на Приговор

1. Постапката поведена по поднесениот Приговор од Мемети Рустем од с. Слупчане, Липково УП2 бр. 09 – 116/20 од 22 јули 2020 година СЕ ЗАПИРА.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Мемети Рустем од с. Слупчане, Липково до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Приговор УП2 бр. 09 – 116/20 од 22 јули 2020 година, против Решение за согласност за приклучок на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-172 од 19 март 2020 година.

Жалителот на 17 септември 2020 година достави Изјава во која изјавува дека го повлекува поднесениот Приговор.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истиот.

**УП2 бр. 09-116/20**
**5 октомври 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ на**
**на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**